## НАСТАВА

Ленче ЕШМЕНОВА, Трајчо ПОПОВ

# МУЗЕЈОТ КАКО ИНСТИТУЦИЈА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ЧАС ПО ИСТОРИЈА

Современото училиште бара и современа настава која би требало да се изведува не само во училницата, но и надвор од неа. Историјата како наука се разликува од другите науки по тоа што настаните што се случуваат не можат непосредно да се набљудуваат, да се експериментираат, но наспроти тоа треба најемотивно да се чувствуваат и доживуваат.

За да можат настаните од историјата да им бидат блиски на учениците, знаењата трајни, а историјата да ја изучуваат со љубов потребно е наставниците да бараат нови форми и методи за изучување на историјата.

Меѓутоа, во училиштата сè уште доминира класичен начин на настава во воспитно образовниот процес, а училницата е речиси единствено место каде се одржува наставата.

Современите дидактичари го застапуваат мислењето дека наставата може да се изведува и надвор од класичните училници, но за тоа е потребна посебна подготовка.

Една од формите за изучување на историјата е и реализирање на час по историја во музеј, бидејќи современите музеи не се само културно - научни и истражувачки институции во кои музејските стручњаци собираат, евидентираат, документираат и изложуваат значајни предмети, но тие треба да бидат и дидактички институции усмерени со својата работа за подигање на образованието на учениците.

Кога станува збор за историските музеи може да се констатира дека тие се доста важни за воспитно - образовниот процес. Тие допринесуваат за нагледно прикажување на историските настани, појави, процеси и личности. Овде учениците полесно ќе го усвојат наставниот материјал, ќе бидат активни во процесот на учењето, ќе им бидат зголемени интересот и вниманието за подолго да го помнат наученото. Овде учениците стекнуваат нови знаења, а во исто време доживуваат и одредени емоции. Музеите му овозможуваат на ученикот да доживее дел од минатото и со себе да го понесе како трајна слика.

Посетата на музеите може да биде:

- неподготвена
- подготвена

Неподготвена посета е онаа кога учениците, наоѓајќи се со наставникот на екскурзија во некое место случајно, ќе наминат во музејот за да ги разгледаат експонатите кои овде се наоѓаат. При оваа посета учениците може да ги разгледуваат експонатите:

- под водство на кустосот
- под водство на наставникот
- или сами читајќи ги легендите од експонатите.

При оваа посета учениците сами ги прошируваат стекнатите знаења и дознаваат нешто ново. Тоа е формална посета. Многу повредна е подготвената и организирана посета.

При оваа посета потребна е добра подготовка и на наставникот.

Прво и основно е наставникот да ја соопшти на кустосот целта на посетата и на што тој да им обрати посебно внимание, за да може учениците да ги приближи до наставната содржина.

Излагањето на кустосот или на ученикот треба да биде така подготвено да одговара на возраста на учениците.

- Часот во музејот не треба да биде долг и оптоварен со фактографски податоци;
- Се истакнува само најбитното и не се навлегува во детаљи;
- По излагањето се поведува разговор со учениците;
- Наставникот сам ја одредува формата на работа;

Покрај наставникот, исто така, и учениците треба да бидат подготвени за посета во музејот.

Најпрво учениците се запознаваат со експонатите преку објаснувањето на кустосот или наставникот;

- Учениците потоа сами ги разгледувааат експонатите и прават белешки;
- Добиваат и литература за поедини експонати кои посебно ги интересираат, за тоа од кое време датираат одредени наоѓалишта, вредноста на одредени објекти и слично;
- Учениците за поедини експонати водат белешки во своите тетратки;
- Тие белешки можат да бидат изработени или во облик на тези како потсетник за предметите кои ги виделе или во облик на краток состав кој ќе биде краен документ за работа на учениците.

Тоа е кога наставникот планира фронтален облик на работа. При реализација на наставната содржина во музеј може да се примени и групен облик на работа. При ова секоја група добива и посебна задача.

На пример кога при систематизација на наставната целина “Животот на луѓето во праисториско време”, би се реализирало во музеј, би се постигнал подобар ефект. Имено, една група би добила задача да обрне особено внимание на изложените орудија, друга на разликата на

изложеното орудије, оружје и на накитот, а третата на ефикасноста од орудијата, оружјето и од накитот, тогаш се успева учениците да ја сфатат суштината на континуитетот од праисториското време па се до денес. Учениците емотивно ќе го доживеат минатото на своите предци и ќе го понесат како трајна слика во себе.

На крајот, се врши воопштување на задачите - синтеза и генерализација. Наставникот оценува дали тоа што е видено и забележано е реално, дали се забележани позитивните елементи, како се направени врските помеѓу предметите, дали е оценето времето и просторот кога биле тие користени. Наставникот води сметка сите ученици да бидат активни, да се развие почит кон она што е видено, емотивно да се доживее минатото на предците и да се понесе како трајна слика во себе. Наставникот е тој, кој што ќе ги натера учениците да го сакаат музејот и самостојно да се снаоѓаат во него. Но, при реализирањето на наставната содржина во музеј, наставниците често пати наидуваат на тешкотии. Тешкотиите во училиштата и кај наставниците се следните:

- Тешкотиите и пречките за слабата соработка произлегуваат од предметно - наставниот систем во наставата. За четириесет минути колку што трае наставниот час, наставникот не е во состојба да ги однесе учениците во музеј, да ја заврши работата и да се врати назад за наредниот час од друг предмет. Поради тоа, треба да се бараат други часови, да се користат последните или првите часови или пак да се позајмуваат часови од други предмети;

- Скоро во сите училишта е присутна појавата на недостиг на финансиски средства за колективен превоз, екскурзии и за влезници во музеите;

- Слаба организација на слободното време во некои училишта, како и на слободните ученички активности;

- Кај нас постои слаба соработка со музеите, а некои наставници сметаат дека соработката со музеите е изгубено време, некои пак тешко воспоставуваат соработка со музеите поради нивната стручна и педагошка неупатеност во музејската проблематика.

Но, и покрај тешкотиите на кои се наидува пожелно е секој наставник да реализира поедини содржини во музеј, бидејќи постојат такви содржини кои можат успешно да се реализираат во музеј. Така, посетувајќи го музејот во Струмица каде и соработката со вработените е многу добра се дојде до сознание дека поедини наставни содржини кога би се реализирале во музејот би се постигнале подобри резултати. Би посочиле само по една наставна содржина од петто до осмо одделение, кои кога би се реализирале во музеј би се постигнале подобри резултати.

За петто одделение кога наставната содржина “Камено време” би се реализирала во музеј би се постигнале подобри резултати. Исто така, во музејот би можеле да се реализираат и наставните содржини “Метално време” како и “Македонија во праисторијата”.

За шесто одделение би ги посочиле следните наставни содржини: “Старите Словени”, “Населување на Балканскиот Полуостров”, “Населување во Македонија”, “Развиток на словенската писменост и култура”, “Османската држава” и др.

За седмо одделение, исто така, има доста содржини, но би издвоиле неколку: “Македонското црковно прашање”, “Македонската револуционерна организација”, “Гоце Делчев”, “Македонија за време на Младотурската револуција”, “Македонија во Првата и Втората балканска војна” и др.

За осмо одделение би ги напомнале следниве содржини: “Делот на Македонија под Кралството на СХС”, “Дејноста на КПЈ во Македонија”, “Окупацијата и поделбата на Македонија”, “НОБ во Македонија 1941 - 1945 година”.

Ова се само дел од содржините кои можат да се реализираат во музејот во Струмица. Но, тоа не значи дека останатите градови немаат музеи или пак остатоци од споменици од најразличен период. Наставникот познавајќи ги можностите во своето место на живеење самиот нека определи која наставна содржина може да ја реализира.

Во случајот се определивме за наставната содржина “Животот на луѓето во ново камено време”, која се реализира во соработка со основното училиште “Гоце Делчев” од с. Василево и со наставникот Трајчо Попов.

Наставната содржина е реализирана преку групен облик на работа.

## ЧАС ВО МУЗЕЈ - ИСТОРИЈА V ОДДЕЛЕНИЕ

Наставна тема: ПРАИСТОРИЈА
Наставна содржина: ЖИВОТОТ НА ЛУЃЕТО ВО НОВОТО КАМЕНО ВРЕМЕ
Тип на часот: **Повторување и утврдување**
Наставни форми: **Фронтална, групна, индивидуална**
Наставни методи: **монолошка, дијалошка, демонстративна, текст**
Место на одржување: **музеј - Струмица**
Литература: **Учебник за петто одделение, Историска читанка за петто одделение, Историски атлас, Наставен план и програма за работа по Историја од 1995 година, Посебен отпечаток - Неолитска населба “Странатa” во с. Ангелци од Воислав Санев.**

ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЧАСОТ:

а) **образовни:**

Учениците да ги утврдат своите знаења за неолитскиот човек. Каде

ги лоцирал населбите, во какви живеалишта живеел, кои занимања му биле приоритетни, со какви орудија се служел, во какви заедници бил организиран, во што верувал.

б) **воспитни:**

Дознавајќи за достигнувањата на неолитскиот човек да сфатат дека тоа е плод на напорен, неуморен и на заеднички труд во долгиот период на праисторијата. Да ги сфатат односите меѓу луѓето во родовското општество, да развиваат научно сфаќање за развитокот на општеството.

в) **функционални:**

Развивање способности за откривање на практично - последичните врски, развивање способности за споредување; развивање способности за непосредно набљудување; развивање способности за формирање поими и заклучоци врз основа на набљудување на археолошки експонати; скици, слики и слично; развивање способности за работа со текст и оспособување на учениците за самостојно надградување по пат на набљудување.

г) **корелација:**

Со предметот географија за одредување местоположбата на неолитската населба "Страната" и со предметот ОТП за фотокопирање на сликата на истиот локалитет со текст и нумерирани и појаснети фрагменти од археолошките наоди на локалитетот.

## ПОДГОТОВКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Минатиот час при обработката на наставната содржина "Каменото време" се запознавте со животот на луѓето во далечното минато, кога каменот бил основен материјал за правење орудија и оружје. Кога човекот научил да го користи огнот, почнал да зборува, да ги употребува копјата, лакот и стрелата, да прави чунови, да се занимава со полјоделство и сточарство, да гради населби и да живее во заедници во кои роднински бил поврзан. Исто така, научивте дека луѓето во каменото време биле многу малку на број и ретко ја населувале земјата барајќи поволни природни услови. На истиот час љубопитно прашавте, дали во непосредна близина на нашите населени места постоеле населби од каменото време. Очигледно вашата љубитност не беше задоволена само со потврден одговор. Сега очекувам да видам до каде се движи вашата љубопитност.

Со мали корекции се формираа неколку интересни прашања:

**1. Каде постоела праисториска населба во нашата непосредна близина?**

**2. Со што се занимавале жителите на оваа населба?**

**3. Со какви орудија и оружје се служеле?**

**4. Во какви заедници живееле и во што верувале?**

Одговорите на овие ваши интересни прашања ќе ги најдете во материјалот што ќе ви биде поделен и со непосредно набљудување на археолошките пронајдоци од неолитската населба “Странатa” кај с. Ангелци, изложени во музејот во Струмица. Материјалот со вградување на задачите ќе ви биде поделен сега, а посетата на музејот ќе ја направиме следниот час.

СОДРЖИНА НА МАТЕРИЈАЛОТ

- Слика со текст на локалитетот “Странатa”
- Нумерирани и појаснети фрагменти од истиот локалитет

Имајќи ја предвид просторната структура на музејот одлучивме да ја примениме групната форма на работа и да отстапиме од вообичаената временска рамковна конструкција на редовните часови.

Во тој смисол паралелката ја поделивме на четири групи со по шест ученика. По својот состав групите се хетерогени и со посебни задачи.

ЗАДАЧИ НА ГРУПИТЕ

**I група:** - Набљудувајќи и анализирајќи ја сликата на локалитетот “Странатa” и со помош на приложениот текст во материјалот, треба да дадете одговор на следните прашања:

**1. Каде се наоѓала неолитската населба “Странатa”?**

**2. Кои се природните погодности што ги привлекле луѓето за населување на ова место?**

(местоположба, обработливи плодни површини, близина на протечни води, близина на ридести и планински терени)

**II група:** - Со внимателно набљудување на керамичките производи, орудијата и оружјето, потрудете се да дадете одговор на следните прашања:

**1. Кои биле основните занимања на жителите од неолитската населба “Странатa”?**

**2. Кој од занаетите им бил познат? Набројте и опишете некои видови производи од тој занает!**

**III група: -** Набљудувајќи ги изложените орудија и оружје од неолитската населба “Странатa” вашата задача е:

**1. Да ги наброите орудијата и оружјето со кое се служеле жителите на оваа населба!**

**2. Од што и како ги изработувале орудијата и оружјето?**

**3. Каква намена имале поедини орудија и оружје?**

**IV група: -** Со внимателно набљудување на изложениот материјал потрудете се да дојдете до одговор на следните прашања:

**1. Во какви живеалишта живееле жителите од неолитската населба “Странатa”?**

**2. Во какви заедници живееле?**

**3. Во што верувале?**

- За полесно совладување на поставените задачи прочитајте го и текстот што ви е приложен како додаток на ова ливче со задачи.

СОДРЖИНА НА АНЕКСОТ (ДОДАТОКОТ)

Жителите на неолитската насеба "Страната" живееле во надземни куќи градени со цели или цепени дрва облепувани со лепеж дебел до 20 см. И покривот бил правен на истиот начин - од дрва и лепеж, а подот од набиена земја. Внатрешниот распоред на просторот е не познат.

Како и другите луѓе од неолитот и жителите на "Страната" живееле во крвно поврзани заедници - род и плема.

Верувањата им биле поврзани со основните занимања. Бидејќи биле полјоделци и сточари, верувале оти нивниот опстанок и живот зависат од натприродните сили односно од волјата на духовите. Верувале и во духот на предците.

ТЕК НА ЧАСОТ

а) **воведен дел:**

(пред музејот) - Напаствија за реализирање на часот и задачите на часот:

- Сега сме пред музејот на Струмица. Во него се изложени археолошки наоди од историското минато на Струмица и Струмичко. Бидејќи вашата задача е да научите за животот на луѓето од каменото време во Струмичко, вниманието ќе го концентрирате на просторот каде се изложени наоди од тоа време. Музејскиот простор ќе го посетиме по ред со веќе определените групи. Секоја група има десет минути за набљудување, анализирање и забелешки. Слободното време групите ќе го исполнат со припреми за главниот дел и средување на резултатите од набљудувањето односно подготвување извештај на групата.

Потрудете се да задоволите што поголем дел од вашиот интерес. Остатокот ќе го побарате во учебникот, историската читанка и кај наставникот.

Ви посакуваме многу успех во работата.

б) **главен дел:**

- Во главниот дел на часот учениците во групи го посетуваат музејскиот простор на експонати од неолитската населба "Страната" кај с. Ангелци. Со голем интерес набљудуваат, анализираат и водат забелешки. Наставникот е во улога на насочувач, координатор и коректор.

Додека групите ги извршуваат своите основни задачи, учениците од претходните групи ги средуваат своите впечатоци од извршената работа и ги претвараат во извештај.

# ИЗВЕШТАЈ НА ГРУПИТЕ

**I група:**

1. Неолитската населба “Страната” се наоѓа северозападно од селото Ангелци, на оддалеченост од околу 2 км. До неа води селски пат што продолжува кон селото Седларци и понатаму кон селата Трибичино и Варварица.

2. Населбата била подигната на височинка која е благо наведната и свртена кон изгревот на Сонцето. Од западната страна е заштитена со планината Еленица, од север и исток со ридести возвишенија. Покрај неа минува рекичката Сушица чии води жителите ги користеле за свои потреби: за напојување на добитокот и вадење риба. Плодното земјиште околу населбата покрај реката го користеле полјоделците, а шумите на Еленица и ридестите површини - ловците и сточарите.

**II група:**

1. Основни занимања на жителите на “Страната” им биле полјоделството и сточарството. Полјоделците одгледувале житни кулутри, а сточарите најмногу овци и кози, потоа крави, свињи и коњи. Ловците ловеле дивеч во Еленица, а риболовците ваделе риба од реката Сушица.

2. Жителите на “Страната” го познавале грнчарскиот занает. Правеле садови со големи димензии - ќупови и црепни и плитки садови - тацни. Грнињата биле најприсутни, потоа бокалите, лонците и малите садчиња во облик на филџани и пехари.

- Грнињата имаат заоблен стомак, топчест или малку извлечен во висина врат, задебелен раб и рамно дно со остри рабови. Надворешната страна им е мазна и без украси, понекогаш со држалки.

- Слични на грнињата се бокалите што имаат проширен и издолжен стомак, кус врат и вертикалана држалка. Надворешната страна им е заманета со претежно темно сива боја и без сјај.

**III група:**

1. Секири, мотики, длета, ножеви, стругалки.

2. Орудијата и оружјата ги изработувале со делкање и мазнење на каменот и од коски.

3. Секирите ги употребувале за сечење, цепење и делкање на дрво; мотиките во полјоделството; длетата и стругалките при обработка на други орудија; ножот во домаќинството и ловот.

**IV група:**

1. Жителите од “Страната” живееле во надземни куќи од дрво и лепеж.

2. Живееле во крвно поврзани заедници - род и племе.

3. Верувале во духови.

в) **завршен дел:**

Систематизацијата на знаењата:

Пољоделците и сточарите од неолитот ги подигале овие населби на терен погоден за користење на шумите, пасиштата, водите и плодните површини во негова непосредна околина.

Орудијата и оружјата ги правеле со делкање и мазнење на каменот и од коски.

Роднински поврзани, во рамките на родот биле рамноправни негови членови со верувања во натприродни сили, односно духови.

ЛИТЕРАТУРА


1. Марија Врбетич, Како учити историју. Завод за уџбеника и наставна средства, Београд, 1983.
2. Дамјан Лепчевски, Стручно методиски прилози за наставата по историја, Скопје, 1979.
3. Списание "Историја" бр. 1, 2 Скопје, 1992.
4. Настава повјести у V разред основне школе, Школска књига, Загреб, 1978.
5. Методски приручник за наставника, Загреб, 1985.
6. Воислав Санев, Неолитска населба "Страната" од село Ангелци, 1991.